# VI. Финансиски пазари во Република Македонија

## 6.1. Македонска берза на долгорочни хартии од вредност

Македонската берза на долгорочни хартии од вредност функционира од 28.03.1996 година и претставува организиран секундарен пазар на капитал на кој се врши јавно тргување со долгорочни хартии од вредност (акции и обврзници). Основачи и членки на Берзата се 8 брокерско-посреднички друштва, овластени за тргување со долгорочни хартии од вредност, а со неа управуваат Собрание на акционери и Одбор на директори. Тргувањето на Берзата, базирано врз аукциски начин на тргување, се врши двапати неделно, на следниве сегменти: Прв и Втор пазар, кои имаат карактер на официјални пазари и Трет пазар, кој има карактер на неофицијален пазар.

Табела 16

Преглед на тргувањето на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност

| Период | Вкупен промет | Број на тргувани хартии од вредност | Број на трансакции | Број на трансакции со државни обврзници | Број на денови на тргување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1996 | 34.790.000 | 12.378 | 499 | - | 79 |
| 1997 | 1.101.000.000 | 8.030.323 | 6.525 | - | 101 |
| 1998 | 4.764.168.266 | 8.505.473 | 3.392 | - | 104 |
| 1999 | 1.552.771.065 | 4.289.880 | 2.480 | - | 103 |
| 2000 | 7.780.523.404 | 161.780.482 | 3.403 | 1.379 | 103 |

Во првите три години од работењето на Македонската берза прометот имаше тенденција на постојан пораст (од 35 милиони денари во 1996 година, 1.101 милион денари во 1997 година, на 4.476 милиони денари во 1998 година). Во 1999 година овој тренд беше прекинат и беа остварени значително послаби резултати (вкупен промет од 1.553 милиони денари), главно како последица на дејството на низа вонекономски фактори (меѓу кои најсилен одраз имаше косовската криза).

Во текот на 2000 година, дојде до повторно интензивирање на берзанската активност, при што Македонската берза на долгорочни хартии од вредност оствари најдобри резултати во досегашното работење. Имено, само во текот на 2000 година на Берзата е остварен промет колку што изнесува кумулативниот промет остварен во првите 4 години од нејзиното работење. Така, вкупниот промет реализиран на Берзата во 2000 година достигна 7.780 милиони денари, што е за 5 пати повеќе во споредба со 1999 година. Исклучителните резултати, првенствено се резултат на: а/ продажбата на неколку големи домашни претпријатија на странски инвеститори; б/ котацијата и тргувањето со државните обврзници издадени за старото девизно штедење на населението; и в/ заокружувањето на законската регулатива од оваа област. Исто така, во текот на 2000 година продолжи процесот на концентрација на сопственоста и пост-приватизационата сопственичка консолидација.

Динамички, највисок месечен промет е регистриран во април 2000 година, што кореспондира со продажбата на најголемата банка во Република Македонија ("Стопанска банка" а.д. - Скопје) на странски стратешки инвеститор. Просечниот дневен промет на Берзата, во 2000 година во однос на претходната година, при ист број на денови на тргување, забележа пораст за 5 пати и достигна 75 милиони денари. Зголемениот промет во 2000 година, во однос на 1999 година, е остварен при речиси

двојно повеќе берзански трансакции и со значително поголем број на тргувани хартии од вредност.

Табела 17

Преглед на тргувањето на Македонската берза во 2000 година

| | остварен промет (во мил. денари) | број на тргувани хартии од вредност | број на реализирани трансакции | број на денови на тргување |
|---|---|---|---|---|
| јануари | 102,2 | 536.233 | 127 | 8 |
| февруари | 187,0 | 312.219 | 218 | 9 |
| март | 1.219,5 | 1.315.600 | 272 | 9 |
| април | 2.613,7 | 156.671.662 | 193 | 8 |
| мај | 461,3 | 291.436 | 143 | 8 |
| јуни | 249,2 | 188.483 | 284 | 9 |
| јули | 196,1 | 122.315 | 172 | 8 |
| август | 176,8 | 69.525 | 302 | 10 |
| септември | 428,0 | 1.112.865 | 505 | 8 |
| октомври | 664,6 | 418.994 | 864 | 9 |
| ноември | 1.121,0 | 426.014 | 935 | 9 |
| декември | 361,1 | 315.136 | 767 | 8 |
| I-XII. 2000 | 7.780,5 | 161.780.482 | 4.782 | 103 |

Во 2000 година активни беа сите сегменти на Македонската берза. Најголем дел од вкупниот промет е реализиран на Третиот (неофицијален) пазар (96,6%), од кој 52,4% се реализирани на издвоениот сегмент за тргување со акции во сопственост на државата.

### 6.2. Пазар на пари и краткорочни хартии од вредност

Пазарот на пари и краткорочни хартии од вредност во Република Македонија функционира од 12.11.1997 година. Основна функција на пазарот на пари е посредување во поврзувањето на понудата и побарувачката за парични средства и краткорочни хартии од вредност. Всушност, тоа е место каде што се врши распределба на ликвидноста меѓу банките и се каналазира и урамнотежува понудата и побарувачката на пари. Носечки сегмент во работењето на оваа финансиска институција е прометот со жирални пари. Генерално, прометот со жирални пари на пазарот за пари е условен од нивото на ликвидност во банкарскиот сектор, детерминирано од движењето на готовите пари во оптек, депозитите на државата, девизните трансакции на НБРМ и нејзиното интервенирање преку инструментите за монетарно регулирање. Развојот на финансискиот систем се очекува да резултира со зголемена понуда на краткорочни финансиски инструменти, што ќе создаде основа за развој на сегментот на пазарот на пари за тргување со краткорочни хартии од вредност.

Врз работењето на Пазарот на пари и краткорочни хартии од вредност во 2000 година, директен одраз имаше високото ниво на ликвидност во банкарскиот систем. Тоа се потврдува низ високиот износ на понудени средства за продажба во износ од 24.795 милиони денари, или за 13,5% повеќе во споредба со 1999 година. Од друга страна, вкупната побарувачката за ликвидни средства во 2000 година беше на приближно исто ниво со побарувачката во претходната година и изнесуваше 22.337 милиони денари. Вкупниот промет остварен на пазарот на пари во текот на 2000 година изнесуваше 19.953 милиони денари, што е за 0,8% повеќе во однос на минатата година. Следствено, 19,5% од вкупните расположливи средства останаа надвор од функција, а 10,7% од вкупната побарувачка остана незадоволена, главно поради лимитите кои ги поставуваат банките-продавачи, со цел остварување дисперзија на

ризикот. Просечниот дневен промет на пазарот на пари во 2000 година, изнесуваше 79,5 милиони денари и беше за 0,8% повисок во однос на 1999 година, при ист број на работни денови.

Табела 18

Преглед на тргувањето со жирални пари на
Пазарот на пари и краткорочни хартии од вредност

| | *Понуди за продажба* | | *Понуди за купување* | | *Реализација* | | *Просечна пондерирана каматна стапка (во %)* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *1999* | *2000* | *1999* | *2000* | *1999* | *2000* | *1999* | *2000* |
| I | 1.338.650.000 | 1.259.600.000 | 1.733.750.000 | 1.146.000.000 | 1.315.450.000 | 1.088.700.000 | 19,13 | 11,53 |
| II | 1.539.100.000 | 2.130.100.000 | 1.502.050.000 | 1.996.400.000 | 1.372.550.000 | 1.907.700.000 | 19,65 | 11,77 |
| III | 2.277.000.000 | 1.906.300.000 | 3.077.400.000 | 2.399.100.000 | 2.254.500.000 | 1.895.300.000 | 20,08 | 11,91 |
| IV | 2.120.400.000 | 1.699.935.000 | 2.768.500.000 | 2.245.000.000 | 2.083.900.000 | 1.665.435.000 | 21,09 | 11,82 |
| V | 2.302.750.000 | 2.042.800.000 | 2.498.850.000 | 1.683.000.000 | 2.271.250.000 | 1.538.000.000 | 21,84 | 10,33 |
| VI | 2.465.350.000 | 2.207.600.000 | 2.393.750.000 | 2.049.500.000 | 2.391.750.000 | 1.828.800.000 | 20,62 | 9,77 |
| VII | 1.820.400.000 | 2.209.900.000 | 1.727.900.000 | 1.905.400.000 | 1.699.400.000 | 1.788.800.000 | 18,45 | 9,07 |
| VIII | 1.553.300.000 | 2.153.400.000 | 1.297.400.000 | 1.747.100.000 | 1.297.400.000 | 1.513.100.000 | 17,47 | 8,74 |
| IX | 1.593.000.000 | 2.188.320.000 | 1.274.800.000 | 1.679.020.000 | 1.274.800.000 | 1.635.320.000 | 15,25 | 8,46 |
| X | 1.801.550.000 | 2.684.800.000 | 1.475.550.000 | 2.084.000.000 | 1.425.300.000 | 1.893.100.000 | 11,92 | 8,55 |
| XI | 1.529.800.000 | 2.386.000.000 | 1.364.600.000 | 1.597.600.000 | 1.248.500.000 | 1.527.600.000 | 11,63 | 7,01 |
| XII | 1.501.800.000 | 1.926.300.000 | 1.231.200.000 | 1.804.800.000 | 1.160.100.000 | 1.670.800.000 | 11,62 | 7,15 |
| ***Вкупно*** | **21.843.100.000** | **24.795.055.000** | **22.345.750.000** | **22.336.920.000** | **19.794.900.000** | **19.952.655.000** | 17,4 | 9,7 |

Повисоката понуда во однос на побарувачка за ликвидни средства во 2000 година (за 11%), резултираше со намалување на просечната пондерирана каматна стапка на пазарот на пари во 2000 година во однос на 1999 година, за 7,7 процентни поени, со што таа се сведе на 9,7% на годишно ниво. Притоа, таа беше највисока во март (11,9%), а најниска во ноември (7,0%).

Набљудувано по квартали, највисок промет беше реализиран во последниот квартал од 2000 година (5.092 милиона денари), кога беше понуден и најголем износ на ликвидни средства (6.997 милиони денари, или за 44,7% повеќе во однос на истиот период од 1999 година). Тоа кореспондира со изразито високата ликвидност на банките во соодветниот квартал и релативно ниската просечна пондерирана каматна стапка на пазарот на пари, која во последниот квартал од 2000 година изнесуваше 7,6%.

## 6.3. Девизен и менувачки пазар

Тргувањето со девизни средства во Република Македонија се одвива на девизниот и менувачкиот пазар. Девизниот пазар во Република Македонија го сочинуваат сите купувања и продавања на девизи од страна на овластените банки, домашни правни лица и Народна банка на Република Македонија. Во согласност со зголемената надворешно-трговска размена на Република Македонија, прометот на девизниот пазар во 2000 година оствари значително зголемување. Имено, вкупниот промет остварен во 2000 година, изнесуваше 1.623 милиони САД долари и е за 212 милилони САД долари, односно за 13,1% повисок во однос на претходната година.

Најголем дел од прометот, односно 68,1%, или 1.105 милиони САД долари е реализиран во трансакциите помеѓу банките и претпријатијата. Прометот меѓу претпријатијата во 2000 година достигна 248 милиони САД долари, што претставува 15,3% од вкупниот промет. Централната банка преку купопродажба на девизни средства на девизниот пазар во 2000 година, оствари промет од 220 милиони САД долари, или 13,6% од вкупниот промет, а преостанатиот дел од вкупниот промет (49 милиони САД долари, односно 3,0%) се однесува на трансакциите меѓу банките.

Графикон 24

Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар

(во милиони САД долари)




Во 2000 година на менувачкиот пазар (на кој учествуваат овластени менувачници, деловни банки, Централната банка и странски и домашни физички лица) е остварен вкупен промет од 664 милиони САД долари, што е за 166 милиони САД долари повеќе во однос на 1999 година. Притоа, во трансакциите со физички лица се откупени девизи во износ од 517 милиони САД долари, додека износот на продадени девизи достигна 147 милиони САД долари. Тоа резултираше со нето откуп на девизи од 371 милиони САД долари, што е за 95 милиони САД долари, или за 34,4% повеќе во однос на 1999 година. Најголемиот дел од нето откупот, 368 милиони САД долари, или 99,2% е реализиран преку менувачниците кои работат во свое име и за своја сметка, додека преостанатиот дел отпаѓа на менувачниците кои работат во свое име, а за сметка на Народна банка на Република Македонија.